**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Град Скопје

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за планирање и уредување на просторот

**ПРЕТСТАВНИК:** Александар Јанакиески,
Помошник Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**
**за поништување на постапка за експропријација на недвижност во подрачјето на локалитетот Парк - шума Гази Баба**

Скопје, февруари 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/02), Советот на Град Скопје на ________________ седница, одржана на __.__.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за поништување на постапка за експропријација на недвижност во подрачјето на локалитетот Парк - шума Гази Баба**

**Член 1**

Се поништува постапката за експропријација на 5 (пет) катастарски парцели кои се наоѓаат во подрачјето на локалитетот Парк - шума Гази Баба, и тоа: КП 726/2 и КП 742 за КО Гази Баба запишани во имотен лист број 418, КП 726/1 и КП 727 за КО Гази Баба, запишани во имотен лист број 44184, дел од КП 723/1 (стара) за КО Гази Баба запишана во имотен лист број 407, која согласно Геодетскиот елаборат за посебни намени, нумерички податоци бр.0801-346/3/21 од 30.06.2021 година, се формира нова КП 723/3 со површина од 2903 $м^2$.

**Член 2**

Одлуката за отпочнување на постапка за експропријација на недвижност во подрачјето на локалитетот Парк - шума Гази Баба ("Службен гласник на Град Скопје" бр.10/21), донесена од страна на Советот на Град Скопје, се става вон сила.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Град Скопје".

**Број -__________**
**___.___.2022 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Трајко Славески**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на предложената одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) каде утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје да донесува одлуки.

Советот на Градот Скопје на седницата одржана на 12.07.2021 година, донесе Одлука за отпочнување на постапка за експропријација на недвижност во подрачјето на локалитетот Парк - шума Гази Баба.

Одлуката за отпочнување на постапка за експропријација е донесена врз основа на поднесено барање бр.13-5894/1 од физички лица и барање бр.13-5895/1 од правно лице за склучување на спогодба за одземање на недвижен имот (земјиште) за катастарските парцели КП 726/2 и КП 742 за КО Гази Баба запишани во имотен лист број 418, КП 726/1 и КП 727 за КО Гази Баба, запишани во имотен лист 44184, дел од КП 723/1 (стара) за КО Гази Баба запишана во имотен лист 407, која согласно Геодетскиот елаборат за посебни намени, нумерички податоци бр.0801-346/3/21 од 30.06.2021 година, се формира нова КП 723/3 со површина од 2903 $м^2$, кои согласно членот 2 од Законот за прогласување на локалитетот Парк-шума Гази Баба за Парк на природата ("Службен весник на РМ" бр.44/15), се наоѓаат во подрачјето на локалитетот Парк - шума Гази Баба.

Вкупната површина на недвижноста изнесува 8.492 м2. Вкупната проценета вредност на недвижноста предмет на експропријација изнесува 50.952.000,00 денари за чија експропријација согласно одлуката биле обезбедени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје за 2021, 2022 и 2023 година.

Согласно Законот за експропријација јавниот интерес утврден како услов за спроведување на експропријацијата се однесува на градење на објекти. Од претходно доставената документација не произлегува јасно изразен јавен интерес кој би бил во согласност со намената во генералниот или во деталниот урбанистички план согласно член 7 од Законот за прогласување на локалитетот Парк шума Гази Баба за Парк на природата.

Со оглед на тоа што во имотните листови на предметните парцели е заведена прибелешка дека на истите се прогласени за парк шума согласно Законот за прогласување на локалитетот Парк шума Гази Баба за Парк на природата, не постои правен основ за уредување на површината на локалитетот Парк шума Гази Баба, кој е заштитен со закон.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Одлуката за поништување на постапка за експропријација на недвижност во подрачјето на локалитетот Парк - шума Гази Баба.